**ДЕМОКРАТСКА ПАРТИЈА**
**НА СРБИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА**

---

Председател на Собранието на Република Македонија,
Стојан Андов

Почитуван господине претседателе,

Демократска Партија на Србите во Македонија, согласно на **АМАНДМАН VI** став 1, од Уставот на Република Македонија, кој зборува за цитираме, "Правична и соодветна застапепост на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници, во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа", покренува иницијатива со која во Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија ќе се обезбеди соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт, независно од изборните резултати.

Демократска Партија на Србите во Македонија со оваа иницијатива ја следи дикцијата на **АМАНДМАН VI**, став 1, кој зборува за соодветна и правична застапеност во органите на државната власт и ако тоа важи за сите органи на државната власт, тогаш важи и за Собранието на Република Македонија како највисок орган на власта. Дикцијата на амандманот мора да се почитува, бидејќи станува за темелни уставни вредности во остварувањето на овие права, а тоа може да се обезбеди само преку Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија.

Господине Председателе,

Демократската Партија на Србите во Македонија од Вас очекува полна помош и поддршка во реализацијата на оваа иницијатива, бидејќи до колку оваа иницијатива не се реализира, донесениот Закон за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија нема да биде уставен и како таков, ќе биде укинат од Уставниот суд на Република Македонија.

Скопје, 15.02.2002.

Демократска Партија на Србите во Македонија
Претседател
Иван Стоилковиќ